# Вонреден надзор врз ТВ АЛФА – член 48 од ЗААВМУ

**Скопје, 23.05.2017г.** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по службена должност изврши вонреден програмски надзор врз работата на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, за емитуваните Вести во 17:30 и 23:00 часот, на 15 мај 2017 година.

Со надзорот е констатирано дека спротивно на член 48 од ЗААВМУ (посебни забрани), програмскиот сервис на ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје, со прилогот насловен „Ромите на речиси секоја раскрсница малтретираат граѓани – има ли стратегија за справување со овој проблем“, емитуван во Вестите на 17:30 и 23:00 часот, на 15 мај 2017 година, поттикнува и шири дискриминација кон Ромите врз основа на етничка припадност и на припадност на маргинализирана група.

**Извештајот од вонредниот надзор е достапен на следниот линк:**

ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје